МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

**Член 1**

Буџетските корисници на Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините, ги расчленуваат синтетичките (трицифрени) конта од класата 7 - приходи, пропишани со Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, на аналитички конта согласно Класификацијата на приходите на синтетичките конта од класата 7 - приходи, која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за класификација на приходите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/09, 153/09, 43/10, 185/11 и 186/14).

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-11985/1
4 октомври 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.